Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 49, став 3 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11 и 55/16) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ___. 12.2021 година донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2022 година

### I. Цели

Основни цели на оваа Програма се:

- Соработка со граѓанскиот сектор во согласност со можностите;
- Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженија на граѓани;
- Афирмација на Општина Велес како општина со развиена мрежа на НВО и фондации.

### II. Активности

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- Сочувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор;
- Обезбедување просторни услови за работа на здруженија на граѓани;
- Давање поддршка на проекти и проектни идеи кои се од поширок опшествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани;
- Воспоставување соработка со здруженија на граѓани од различни интересни групи на делување;
- Здруженија што го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

Во областа на поддршката на граѓанскиот сектор активностите на Општина Велес ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заеницата, кон градење мрежи и колаиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

| | Активности на Општина Велес во 2022 година | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **1.620.000,00** |
| 1.1 | Учество во реализација на проекти со граѓански организации и Поддршка на програмски активности | 900.000,00 |
| 1.2 | Учество во партнерски проекти | 220.000,00 |
| 1.3 | Отворени денови за идеи на граѓански организации најмалку два пати во годината | 45.000,00 |
| 1.4 | Изработка на Стратегија за соработка со граѓански организации | 150.000,00 |
| 1.5 | Организирање обуки за подготовка на проекти | 90.000,00 |
| 1.6 | Тековно одржување на објектот на граѓанските организации | 165.000,00 |
| 1.7 | Непредвидени трошоци | 50.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **1.620.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2022 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2022 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Образложение**

Предлог-програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2022 година претставува континуитет од Програмата за 2021 година. Предлог-програма ги содржи во себе сите забелешки, сугестии и насоки што произлегоа од Советот на Општина Велес и јавните расправи со институциите, граѓанските организации и месните и урбани заедници.